# СООПШТЕНИЕ

Во врска со одредени написи во медиумите со кои се создава перцепција во јавноста дека Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија работи недомаќински, сметаме за потребно да го истакнеме следното:

РКЕ, како независно регулаторно тело, своето работење го темели врз основа на Законот за енергетика, Законот за утврдување на цени на водните услуги, Статутот на Регулаторната комисија за енергетика, Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика, Колективниот договор на Регулаторната комисија за енергетика, Законот за административни службеници, Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ, како и Законот за работни односи.

РКЕ има надлежности врз работењето на компаниите од секторите електрична енергија, природен гас, нафта и нафтени деривати и топлинска енергија, кои во 2016 година имале вкупен приход од 133.350.000.000 денари или 2.168.000.000 евра, според податоците добиени од Централниот регистар на Република Македонија.

Од 2016 година РКЕ е надлежна и за спроведување на регулација на секторот на водни услуги, процес кој што со постојните капацитети РКЕ успешно го спроведува и веќе ги донесе Решенијата за нови тарифи за водни услуги за регулираниот период 2018-2020 година.

Во овој момент во РКЕ работат 30 лица, од кои 7 членови на РКЕ, 20 вработени во стручната служба и 3 лица помошно-технички персонал. Образовната структура на членовите на РКЕ и вработените во стручната служба е составена од 12 инженери, 10 економисти, 4 правници и 1 лице со друг вид високо образование. Од нив 9 лица се магистри на науки, додека 4 лица се на крај од своите магистерски студии.

Работниот процес во РКЕ подразбира постојан ангажман на сите вработени, покрај на нивните основни секторски работни места, така и во најразлични мешани постојани и привремени работни групи кои ги покриваат сите области на делување на РКЕ.

Со својот ангажман во работните групи на Регулаторниот одбор на Енергетската заедница и Регионалната асоцијација на енергетски регулатори, како и во рамки на други меѓународни активности, РКЕ е признат и релевантен партнер како едно од најактивните регулаторни тела во поширокиот регион.

Во однос на платите на членовите на РКЕ и вработените во стручната служба, најпрво би посочиле дека споредено со останатите земји членки на Енергетската заедница, истите се на најниско ниво.

Платите во РКЕ, на споредбено ниво со платите во компаниите кои вршат регулирани енергетски дејности во Република Македонија, се пониски за најмалку 30 %.

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Основните месечни нето плати на членовите на РКЕ изнесуваат:

| | (во денари) |
|---|---:|
| Претседател | 97.114 |
| Заменик претседател | 91.276 |
| Член | 88.774 |
| Член | 88.774 |
| Член | 88.774 |
| Член | 88.774 |
| Член | 88.774 |

За споредба, просечната нето плата на член на Управен одбор на регулирано енергетско претпријатие изнесува над **150.000 денари.**

Покрај платите, на членовите на РКЕ, им следуваат и следните надоместоци:

Еден член на РКЕ кој не е жител на Скопје, врз основа на Решение бр. 16-149/14 од 15.01.2015 година, добиено од Собрание на РМ - Комисија за прашања на избори и именувања, прима надомест за одвоен живот, согласно законски утврдениот износ за јавен сектор, кој изнесува 100 евра во денарска противвредност, на месечно ниво.

Еден член на РКЕ кој не е жител на Скопје, врз основа на Решение на Влада на РМ – Комисија за станбени прашања, бр. 22-10764/2 од 13.12.2014 година, користи надомест за закуп на стан во износ од 350 евра во денарска противвредност и надомест на реални трошоци за комунални услуги до 100 евра во денарска противвредност, на месечно ниво.

Двајца членови на РКЕ, кои не се жители на Скопје и живеат во радиус од 46 км и 60 км од Скопје, согласно Решенијата на РКЕ бр. 04-152/2 од 12.02.2013 година и бр. 04-1887/2 од 31.10.2016, користат право на надоместок за превоз од и до работното место, со користење на свое приватно возило, во висина од 20% од продажната цена на еден литар гориво, според изминат километар.

Членовите на РКЕ, согласно Одлука за користење средства наменети за репрезентација на РКЕ бр. 02-1757/1 од 16.10.2013 година, имаат право на користење на средства за репрезентација чиј што дозволен месечен износ за секој член одделно, изнесува 6.000 денари/месечно.

Просечната нето плата на вработените во стручната служба и помошно-техничкиот персонал во РКЕ изнесува 45.110 денари.

Покрај основната плата, согласно Колективниот договор на Регулаторната комисија за енергетика, вработените во РКЕ имаат право на надомест за регрес за годишен одмор.

Согласно Колективниот договор на Регулаторната комисија за енергетика, вработените имаат право на исплата на дел од плата за работна успешност, како систем на награда за исклучителен ангажман и придонес во исполнување на работни обврски, над вообичаениот просек за извршување, во поглед на навременост, обем и квалитет, која може да изнесува најмногу 20% од платата во текот на еден месец. Во 2017 година по оваа основа биле наградени 8 вработени во РКЕ.

Освен претходно наведените плати и надоместоци, вработените во РКЕ не добиваат дополнителни исплати или бонуси.

Со новиот предлог Закон за енергетика кој е во процедура на подготовка и со кој ќе се имплементира Третиот енергетски пакет на ЕУ, улогата на РКЕ како независно регулаторно тело значително се зајакнува согласно одредбите од европските директиви, при што се предвидува платата на членовите на РКЕ за време на нивниот мандат да не може да биде повисока од збирот на пет бруто просечни месечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година,

според податоците објавени од Државниот завод за статистика, додека пак платите и надоместоците на вработените во стручните и административните служби се утврдуваат на ниво споредливо со платите и надоместоци во енергетските претпријатија што вршат регулирани енергетски дејности.

Потенцираме дека човечките ресурси се клучни за извршувањето на надлежностите на РКЕ, односно станува збор за ангажман, обуки и задржување на висококвалификувани кадри кои поседуваат специфични мулти-секторски познавања, како од делот на техничките науки, така и од сферата на правото и економијата.

На крај, во однос на платите во РКЕ, истакнуваме дека од основањето на РКЕ до денес, промени во платите имало единствено поради усогласување со законски измени, како што на пример беше воведувањето на концептот на бруто плата.

Во однос на останатите трошоци во работењето на РКЕ го истакнуваме следното:

Учеството на семинари и работилници е во рамки на постојните меѓународни активности на РКЕ (работни групи, работилници и други состаноци во рамки на Регулаторниот одбор на Енергетската заедница, работни групи, комитети и други настани во рамки на Регионалната асоцијација на енергетски регулатори, како и активности во рамки на Советот на европските енергетски регулатори), кои во поголем дел се покриени од страна на меѓународните партнери, а во помал дел се на сметка на РКЕ. На веб страната објавуваме список на сите службени патувања во текот на 2016 и 2017 година, каде може да се види кои лица од РКЕ, каде патувале и на чиј товар биле трошоците. Истите податоци во однос на службените патувања, РКЕ на месечно ниво ги доставува до Владата на Република Македонија.

Притоа, во Финансискиот план на РКЕ, кој е предмет на одобрување од Собранието на РМ, точно се наведува на кои меѓународни настани вработените во РКЕ ќе учествуваат.

Во однос на набавката на авио билети за службени патувања во странство, постапката се спроведува согласно Законот за јавни набавки, при што се склучува рамковна спогодба со седум економски оператори, при што за секоја набавка на билети се врши прибирање на понуди од сите седум економски оператори и изборот се врши врз основа на единствениот критериум – најниска цена.

Во однос на останатите трошоци во текот на изминатите години, најголем дел отпаѓа на изградбата на деловна административна зграда, во износ од 163.581.298 денари, со што РКЕ се стекна со сопствен деловен простор во бруто површина од 1513 $м^2$, односно нето површина од 1213 $м^2$, додека во изминатите години, до крај на 2016 година, плаќаше закупнина во месечен износ од 587.500 денари.

РКЕ е предмет на ревизија од страна на Државниот завод за ревизија на Република Македонија и финансиското работење може да се провери во секое време.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА